SYMPOSION

ПОКАНА

ЗА УЧЕСТВО НА ТРИДНЕВНАТА ПРАКТИЧНА РАБОТИЛНИЦА

„ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ПРИ ИМПЛЕМАНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ“

(7-9 ЈУЛИ ВО ХОТЕЛ „ДРИМ“ – СТРУГА)

КОЈА Е ЦЕЛТА НА РАБОТИЛНИЦАТА?

Новиот ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ податоци претставува еволуција на концептот за заштита на личните податоци. Имајќи предвид дека обработката на личните податоци е сè повеќе автоматизирана, новиот закон дава одговори на прашањата кој, кога, зошто и како може да собира, обработува и чува лични податоци. Притоа, мерките за заштита на личните податоци треба да бидат дизајнирани врз основа на претходно проценет ризик.

Предмет на оваа работилница е токму анализирањето на новиот концепт на заштита на личните податоци, имајќи предвид дека разбирањето на новиот концепт претставува појдовна основа за создавање систем за заштита на личните податоци. Воедно, целта на оваа работилница е да им помогне на контролорите и обработувачите да се усогласат со новиот ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ, односно да им помогне при воспоставувањето на новиот систем за заштита на личните податоци или да го надградат и реформираат постојниот.

ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА РАБОТИЛНИЦАТА?

Работилницата е наменета за офицери за заштита на личните податоци, лица кои обработуваат лични податоци во јавниот и приватниот сектор, одговорни лица во контролорите и обработувачите (директори, управители, менаџери...), лица вработени во компании кои нудат услуги поврзани со обработка на личните податоци и други заинтересирани лица.

КАКО ЌЕ СЕ СПРОВЕДЕ РАБОТИЛНИЦАТА?

На високо интерактивно ниво, со практични примери, прашања, одговори, дискусии.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА

Работилницата ќе се одвива во текот на **3 дена** со по **2 блока од наставни сесии**.

КОЈ Е ПРЕДАВАЧ НА РАБОТИЛНИЦАТА?

МАНУЕЛА СТАНОЕВСКА СТОИЛКОВСКА – експерт за заштита на личните податоци, со 13-годишно практично искуство во областа, вработена во АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ како виш супервизор, сертифициран обучувач за возрасни, член на работна група за транспонирање на новиот ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ во

SYMPOSION

Директоријата за заштита на личните податоци – 2016 година, сертифициран ISO/IEC 27001 Lead Auditor и сертифициран ISO/IEC 27005 Risk Manager.

Предавачот има спроведено повеќе од 500 обуки, работилници и семинари на теми од областа заштита на личните податоци.

Колку изнесува котизацијата за учество?

Котизацијата за учество на **тридневната работилница** (7-9 јули) изнесува 7**.950,00 денари** + 18% ДДВ**.**

Дополнителен попуст: за две или повеќе пријавени лица од истата институција или фирма, следува **попуст од 5%.**

Цена на аранжманот

Цената на пакет аранжманот по лице изнесува **10.540,00 денари** за сместување во **еднокреветна соба** и **8.990,00 денари** по лице за сместување во **двокреветна соба,** и истата вклучува:

- ✓ два полни пансиони (појадок, ручек и вечера)
- ✓ екскурзија со вклучена вечера во Вевчани

Сместувањето е во Хотел „Дрим“ – Струга.

Цената за превоз на релацијата Скопје–Охрид–Скопје изнесува 2.000 ден + 5% ДДВ.

Како да се пријавите за учество на работилницата?

Пријавувањето за учество на работилницата се врши најдоцна **до 6 јули 2022 година** со пополнување и испраќање на пријавен лист на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната електронска адреса.

Дополнителни информации

Сите учесници ќе добијат:

- ✓ сертификат за учество на работилницата
- ✓ работни материјали од работилницата